**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлука за измени и дополнување на одлуката за утврдување Нацрт урбанистички план вон населено место во Урбан блок 4.3 дел од туристички коплекс Свети Стефан Општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2011 год.

**Број 08-454/23** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2011 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 11,13, 22, 24 и 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.24/08) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2011 година, донесе:

# О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ВО УРБАН БЛОК 4.3 ДЕЛ ОД ТУРИСТИЧКИ КОМПЛЕКС Св.СТЕФАН ОПШТИНА ОХРИД

### Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на одлуката за утврдување Нацрт урбанистички план вон населено место во Урбан Б 4.3 дел од туристички комплекс Св. Стефан општина Охрид бр. 07-999/43 од 07.05.2010 год..

### Член 2

Во член 1 став 1 по зборот Охрид се додава „2010-20120 год.“

### Член 3

Во член 2 став 2 се менува и истиот гласи :

Просторот на планскиот опфат по Нацрт урбанистички план вон населено место во урбан блок 4.3 дел од туристички комплекс Св.Стефан општина Охрид, е опфат на границите односно е оформен од основните катастарски парцели и нивните делови и тоа :

Кп.2742 , 2741/1 ,2613/1 , 2614/1, 2615/1, 2616/1 , 2612/1 ,2611/1 , 2610/2, 2610/1 , 2609/2 , 2609/1, 2618/1, 2617/1, 2608 и 2607 /1.

### Член 4

Во член 3 став 1 по зборот „место“ зборовите „ дел од урбан блок 8 опфат 1 –Лагадин –Пештани “ се заменуваат со зборовите „ во урбан блок 4.3 дел од туристички комплекс Св.Стефан општина Охрид “.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07-454/23**
**28.02.2011 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА ОХРИД-2011 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлука за усвојување на Годишна програма за поставување на урбана опрема во општина Охрид-2011 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2011 год.

**Број 08-454/24**
**28.02.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) член 18 од Статутот на општина Охрид „Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2011 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА ОХРИД – 2011 ГОД.

**Член 1**

Се усвојува Годишната програма за поставување на урбана опрема во општина Охрид - 2011 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на општина Охрид.

**Број 07 – 454/24**
**28.02.2011 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески,с.р.**

# ГОДИШНА ПРОГРАМА
## ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ НА ГРАДЕЖНО ИЗГРАДЕНО И УРЕДЕНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ГРАДСКОТО ПОДРАЧЈЕ НА ОХРИД И ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД

## СОДРЖИНА

### ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ
1.ВОВЕД…………………………………………………………………………….……………….„4
2.ПРИЧИНИ И ЦЕЛИ ЗА ИЗРАБОТКАТА НА ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА………………………………………………………………………..……4
3.ВИД НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ПОДРАЧЈЕ…………………………………………4
4. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА………………………….5
4.1. Тераси со и без настрешници……………………………………….............................5
4.1.1.Маси и столови..………………………………………………………………………………5
4.1.2.Покриени и непокриени шанкови…………………………………………………………..6
4.2.Површини за поставување на урбана опрема.…………………………………………..6
4.2.1.Уметнички дејности..…………………………………………………………………………6
4.2.2.Презентација………………………………………………………………………………….6
4.2.3.Сувенири……………………………………………………………………………………….6
4.2.4.Книги……...……………………………………………………………………………………6
4.2.5.Детски игралишта (забава на отворен простор.……………………………………….6
4.2.6.Стрелиште……………………………………………………………………………………. 7
4.2.7.Забава во затворен (наткриен) простор…………………………………………………….. 7
4.2.8.Забава на отворен - затворен простор "балони"…………………………………………. 7
4.2.9 Туристички инфо центри..…………..…………..…………..…………..…………..……………. 7
4.2.10 Touch screen апарати..…………..…………..…………..…………..…………..……………….7
4.2.11.Продажбан на сладолед-фрижидери…………………………………………………….7
4.3.Јавни санитарни јазли………………………………………………………..…………8
4.4.Платформи за разни манифестации., презентации на копно и на вода………………...8
4.5.Настрешници и тенди………………………………………………………………………….8
4.6.Телефонски говорници и друго…………………………..…………………………….8
4.7.Рекламни паноа…………………..……………………………………………………….8
5. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНАТА ОПРЕМА…………………………..8

#### ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА…………………..1:2500
2. ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 1)……….1:1000
3. ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 2)............1:1000
4. ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 3)............1:1000
5. ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 4)............1:1000
6. ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 5)............1:1000
7. ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 6)............1:1000
8. ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 7)............1:1000
9. ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 8)............1:1000
10. ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 9)............1:1000
11. ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 10)………1:1000
12. ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 11)...........1:1000
13. ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 12)...........1:1000
14. ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 13)...........1:1000

## 1.ВОВЕД

Изработка, донесување и спроведување на планска документација за Годишната програма за поставување на урбана опрема во општина Охрид е законска обврска на Локалната самоуправа. Документацијата е изработена по барање и за потребите на ЕЛС Охрид.

Годишната програма за поставување на урбана опрема е изработена во согласност со Законот за градење ( Службен весник на РМ бр.130/2009) и Законот за изменување и дополнување на Законот за градење ( Службен весник на РМ бр.124/2010), поточно член 80 и член 81, односно член 2, став 4 од Општите одредби. Поставувањето на урбаната опрема се планира да се постави на јавни површини на градежно изградено и уредено земјиште, сопственост на Република Македонија, со изградена инфраструктура и за која е донесена урбанистичка планска документација во градското подрачје на Охрид, како и надвор од градот во подрачјето на Општина Охрид.

Програмата за поставување на урбаната опрема ја утврдува Советот на Општина Охрид.

Изработената планска документација понатака треба да претставува основа за изработка на техничка документација со која истата ќе се спроведува..

## 2. ПРИЧИНИ И ЦЕЛИ ЗА ИЗРАБОТКАТА НА ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**Основна причина** за изработката на Годишната програма за поставување на урбана опрема е законската обврска. за нејзина изработка, донесување и спроведување.

**Целта** на изработката на Годишната програма за поставување на урбана опрема е плански да се уреди подрачјето на општината, односно да се означат површините каде може да се постави опремата ( јавните површини на градежно изградено и уредено земјиште, сопственост на Република Македонија, каде има изградена инфраструктура и за која е донесена урбанистичка планска документација ).

## 3. ВИД НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ПОДРАЧЈЕ

ГОДИШНАТА ПРОГРАМА за поставување на урбана опрема во градското подрачје на Охрид, како и надвор од градот во подрачјето на Општина Охрид е планска документација која се изработува за потребите на ЕЛС – Охрид,

## 4.ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ПОСТАВЕНАТА УРБАНА ОПРЕМА

Програмата проследена со текстуален дел и графички прилози се однесува на одредување на површини во Охрид во најатрактивното подрачје кое е најпосетено од туристите, како и надвор од градот за поставување на Урбана опрема, према член 2, точка 4 од Општите одредби на Законот за градење ( Службен весник на РМ бр.130/2009) и Законот за изменување и дополнување на Законот за градење ( Службен весник на РМ бр.124/2010). Урбана опрема дефинирана со овој член е опрема која се поставува на градежно изградено земјиште, односно во смисла на овој закон, тоа се: продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, сладолед, телефонски говорници,

автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско конзуларни претставништва, на објекти на државната управа и на резиденцијални објекти, јавни санитарни јазли, тераси со и без настрешници, платформи за разни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.

Поради специфичноста на самиот град Охрид, како туристички центар се предвидуваат, односно потврдуваат површини за поставување на урбана опрема, која во изминатите години е поставувана на одредени локалитети, бидејки е согледано дека е потребна за забава, уживање и рекреација на жителите и посетителите. Тоа се површините наменети за забава на отворено, забава во затворен простор, забава во оворен - затворен простор ( за разни спортски активности, наткривање на постојни и нови кошаркарски, ракометни и сл. игралишта и простори во зимски период со импрегнирано платно ("балони"- прицврстени за теренот), поставување на туристички инфо центри и touch screen уреди (со цел на посетителите на град Охрид да им се обезбеди полесен пристап до информации за целокупна туристичка понуда), типска опрема за продажба на книги, уметнички дејности (слики), поставување на рекламни паноа и сл,.

Дополнителна урбана опрема се предлага за поставување на типска опрема за продажба, односно презентација, која би се донела со одлука на некоја следна Седница на Советот на Општина Охрид, по барање, како и за потребите на Јавното комунално претпријатие или Локалната самоуправа од Охрид.

### 4.1.Тераси со и без настрешници

#### 4.1.1.Маси и столови

Површини на кои се поставуваат маси и столови пред угостителски објекти

- тераса димензионирана со ширина од **1 м** е планирана за поставување на **еден ред маси со по два столови**;
- тераса димензионирана со ширина до **2 м** е планирана за поставување на **еден ред маси со по четири столови**;
- тераса димензионирана со ширина до **4 м** е планирана за поставување на **два реда маси со по четири столови**;
- тераса димензионирана со ширина до **6 м** е планирана за поставување на **три реда маси со по четири столови**;
- тераса димензионирана со ширина до **8 м** е планирана за поставување на **четири реда маси со по четири столови**.

**4.1.2. Покриени и непокриени шанкови**

- Површини за покриени и непокриени шанкови можат да се постават по барање на инвеститори во Централното градско подрачје и кејот.

**4.2. Површини за поставување на урбана опрема**

**4.2.1. Уметнички дејности**

- Површината меѓу трговскиот центар "**Амам"** и "**Летница"** по пешачката улица Свети Климент Охридски планирана е за изработка и продажба на уметнички слики и изработка на портрети,

**4.2.2. Презентација**

- Површината западно од дворното место на "Куќата на Уранија", пред куќата на "Христо Узунов"-Сараиште предвидено за презентација и продажба на народни ракотворби и слично. Просторот околу споменикот на Свети Климент резервиран за разни дневни и ноќни презентации.

**4.2.3. Сувенири**

- Површина по поплочената патека помеѓу влезот во **"Самоиловата тврдина"** и комплексот **"Плаошник"** е планирана за изработка и продажба на сувенири,

**4.2.4. Книги**

- Површината меѓу трговскиот центар "**Амам"** и "**Летница"** по тротоарот на улица Македонски просветители планирана е за поставување на типска опрема за продажбан а книги.

**4.2.5. Детски игралишта (забава на отворено)**

Површини за поставување на реквизити за детски игралишта, картинг и сл. се планирани на повеќе локации на Спортскиот центар "Билјанини извори" и на поранешниот Спортски центар "Полигон".

**4.2.6. Стрелиште (забава на отворено)**

Во простор покрај кејот планирано е поставување на опрема за стрелачки вештини (лак и стрела - според шемата).

**4.2.7. Забава во затворен (наткриен ) простор**

Површина за поставување на опрема за одржување на циркуски вештини, е планирана на спортскиот центар "Билјанини извори" и на поранешниот спортски центар "Полигон".

### 4.2.8. Забава на отворен- затворен простор - "балони"

Поставување на "балони" од импрегнирано платно (прицврстени за теренот), односно наткривање на постојните и новопредвидени отворени спортски и рекреативни терени - кошаркарски, ракометни и сл. игралишта, простори, во зимски период, заради заштита од надворешни влијанија.

### 4.2.9. Туристички инфо центри

- Со цел на посетителите на град Охрид да им се обезбеди полесен пристап до информации за целокупна туристичка понуда ќе се предвидат локации кои накнадно ќе се дефинираат за туристички инфо центри на повеќе пунктови на територијата на Охрид и поширокото опкружување на влезните магистрални правци М4 и М5 и регионалните патни правци.

Локациите и условите за нивно функционирање (добивање дозвола за користење на просторот, уредување изградба на паркинг процтор, довод на електрична енергија, санитарен чвор, довод на вода и слично) ќе се определат по целосното согледување на ЕЛС - Охрид. Со цел поедноставување на доаѓањето и пристапот до овие инфо центри, исто така потребно е поставување на соодветни знаци (инфо елементи) и патокази со цел тие да бидат обележани.

### 4.2.10. Touch screen апарати

За подобра инфрмираност на посетителите на град Охрид со содржините кои се нудат, се јавува потреба од поставување на **тоуцх сцреен уреди на повеќе локации. Истите ќе бидат поставени на атрактивни локациии на територијата на град Охрид по целосното согледување и исполнување на соодветни услови за нивно функционирање (обезбедување на дозвола, довод на електрична енергија, мерки за затита на апаратот И слично).**

### 4.2.11. Продажба на сладолед - фрижидери

Вдолж кејот планирано е поставување фрижидери, групирани по два на приближно растојание од 50 м (според шемата).

### 4.3. Јавни санитарни јазли

Површини определени на неколку пункта за поставување на јавни санитарни (суви). јазли "Плаошник", "Амфитеатар", плажа "Сараиште" и хотел "Палас". По потреба при одржување на јавни презентации, манифестации и сл. можно е поставување и на други површини.

### 4.4. Платформи за разни манифестации, презентации на копно и на водна површина

- површина од околу 2200 м2 на плоштадот "Свети Климент Охридски"

- површина од околу 1500 м2 на плоштадот "Чинар"

- површина од околу 1500 м2 на проширениот Кеј кај пристаништето
- површина од околу 500 м2 за разни манифестации во водната површина

**4.5. Настрешници и тенди**

- Поставување на настрешници, тенди во дворните места нз угостителските објекти и простори ( хотели, мотели, ресторани, кафани, вили и слично на целокупната територија на Општина Охрид.

**4.6. Телефонски говорници и др.**

- Поставување на телефонски говорници, клупи, корпи за отпадоци и сл. на целокупната територија на Општина Охрид.

**4.7. Рекламни паноа**

- Поставување на рекламни паноа ( билборди и видеобимови ) на слободни површини каде не сметаат на пешачката комуникации, по согледување на надлежните од Локалната самоуправа.

## 5. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

**Член 1**

Површините за поставувањето на урбаната опрема предложени со Годишната Програма треба да се почитуваат.

**Член 2**

При организација на површините за поставување на урбана опрема особено да се внимава да не се наруши основната намена во просторот и безбедноста во сообраќајот ( да не се поставува опрема што ќе претставува бариера при движење на пешаците - дополнителни маси, корита за цвеќа, рекламни паноа и слично).

**Член 3**

Времено поставување на урбана опрема во ноќните часови во стариот дел на Охрид (во време на забрана на сообраќај).

**Член 4**

Површината ангажирана за поставување на урбана опрема може да се надкрие со конзолна тенда или чадор поставен во граници на дозволената површина означена во графичкиот прилог.

**Член 5**

Површините предвидени за поставување на урбаната опрема во графичкиот прилог се ориентациони, а точно ќе се дефинираат и опредлат со изработката на Идејниот проект за поставување на урбаната опрема.

Неговото утврдување ќе биде услов за добивање на Одобрение.за поставување на урбана опрема.

**Член 6**

За ново отворените објекти и простории кои не се планирани и презентирани во графичкиот прилог на Годишната програма за поставување на урбана опрема, во Општина Охрид, Секторот за урбанизам и заштита на животната средина согласно важечката законска регулатива ќе може да издава одобрение за поставување урбана опрема по барања на инвеститорите.

**Член 7**

За потребите на граганите во и надвор од градското подрачје во Општина Охрид, кое не е опфатено со графичкиот прилог "Шема на површини за поставување на урбана опрема" на Годишната програма за поставување на урбана опрема, во Општина Охрид, Секторот за урбанизам и заштита на животната средина согласно важечката законска регулатива ќе може да издава одобрение за поставување урбана опрема по барања на инвеститорите. ( во дворните места нз угостителските објекти и простори - хотели, мотели, ресторани, кафани, вили и слично).

**Член 8**

Одобрението за поставување на урбана опрема ќе го издава Градонаалникот на општината, по утврдување на Програмата од страна на Советот на општината.

***Напомена***

1. Растојанието меѓу поставената урбаната опрема (маси и столови) на преминот од улица ″Св. Климент Охридски″ кон плоштадот (меѓу угостителските објекти ″Летница″ и ″Луцерна″) да не биде помало од 8,0 м.

2. Растојанието помеѓу поставената урбана опрема (маси и столови) на улица ″Самоилова″ да биде контролирано (согласно шемата) за да се обезбеди непречена комуникација кон стариот дел на градот.

3. Не се дозволува поставување на отворени или наткриени скари, како и апарати за производство и продажба на храна на отворен простор.

**Број 08-454/24-1**
**28.02.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески ,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ АКЦИОНЕН ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО БУЧАВАТА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлука за усвојување Акционен план и Програма за управување со бучавата во општина Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2011 год.

**Број 08-454/25**
**28.02.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески ,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2011 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ АКЦИОНЕН ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО БУЧАВАТА ВО ОПШТИНАТА ОХРИД**

**Член 1**

Се усвојува Акциониот план и Програмата за управување со бучавата во општината Охрид .

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-454/25**
**28.02.2011 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески ,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ ВРЗ ДВИЖНА СТВАР ОД ОПШТИНА ОХРИД НА ЈП „НИСКОГРАДБА ОХРИД“- ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлука за пренесување правото на користење врз движна ствар од општина Охрид на ЈП „Нискоградба Охрид“- Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2011 год.

**Број 08-454/ 26**
**28.02.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 64 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид„ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата, одржана на ден 28.02.2011 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За пренесување правото на користење врз движна ствар од општина Охрид на ЈП „Нискоградба Охрид“ Охрид**

**Член 1**

Се пренесува правото на користење врз движна ствар од општина Охрид на ЈП „Нискоградба Охрид“ Охрид, и тоа:

- Работно возило марка STEYR ,
- тип 1291.280/044/4X2,41
- број на шасија 1291.007-2964
- број на мотор PP102022010,
- година на производство 1981 година,
- сила на моторот во KW (KS) 206,
- работна зафатнина на моторот во cm3 9726,
- маса на празно возило во кg. 12525,
- места за седење 2,
- форма или намена на каросерија -Цистерна за фекалии,
- боја на каросерија zelena metal. 35,
- регистарски таблички OH 587 BZ

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07 – 454/26**
**28.02.2011 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ ВРЗ ДВИЖНИ СТВАРИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлука за пренесување правото на сопственост врз движни ствари , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2011 год.

**Број 08-454/27**
**28.02.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески ,с.р.**

Врз основа на член 64 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид„ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата, одржана на ден 28.02.2011 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За пренесување правото на сопственост врз движни ствари**

**Член 1**

Се пренесува правото на сопственост врз движни ствари од општина Охрид на следните корисници:

1. **МАРГАРИТА ХРИСТОСКА од Вапила**
   – Компјутер Пентиум Дуал Кор 5300.

2. На **ЈЗУ ГРАДСКА БОЛНИЦА** Охрид
   -Клима уред

3.**ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА -ОХРИД**
- ТВ Приемник

4. **МЕСНА ЗАЕДНИЦА КУРАТИЦА**
- Комбинирана машина за трева

5. **ОУ „ГЛИГОР ПРЛИЧЕВ“ ОХРИД**
- 1 компјутер -Десктоп компјутер Висте

**Член 2**

Сопственоста врз движните ствари опишани во член 1 се пренесува без надоместок.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Сл.гласник на општина Охрид".

**Број 07 – 454/27** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2010 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОЦЕНТОТ НА УЧЕСТВОТО НА ЈП „ НИСКОГРАДБА ОХРИД“ ОХРИД ВО СРЕДСТВА ЗА ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИОНИ СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИ И ОТПАДНИ ВОДИ

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на процентот на учеството на ЈП „ Нискоградба Охрид“ Охрид во средства за изградба на канализациони системи за одведување на урбани и отпадни води, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2011 год.

**Број 08-454/28** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2011 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид

(„Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2011 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОЦЕНТОТ ЗА УЧЕСТВО НА ЈП „НИСКОГРАДБА ОХРИД“ ОХРИД ВО СРЕДСТВА ЗА ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИОНИ СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на одлуката за утврдување на процентот за учество на ЈП „Нискоградба Охрид“ Охрид во средства за изградба на канализациони системи за одведување на урбани отпадни води, што ја донесе Управниот одбор на ЈП „НИСКОГРАДБА ОХРИД“ Охрид .

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-454/28** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2011 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на чл. 17 од Статутот на ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид, Управниот одбор на својата седница одржана на 24.01.2011 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за утврдување на процентот за учество на ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид во средствата за изградба на канализациони системи за одведување на урбани отпадни води**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува процентот за учество на ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид во средствата за изградба на канализациони системи за одведување на урбани отпадни води, кои ќе ги изведува ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид за сметка на Секторот за урбанизам, заштита на животната средина и комунален развој при општина Охрид.

**Член 2**

Учеството на ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид во средствата за изградба на канализациони системи за одведување на урбани отпадни води изнесува 30%.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со добивањето согласност од Советот на општина Охрид.

**Д.Н.**

- Совет на опш. Охрид
- Архива

**Управен Одбор**
**Претседател**
**Коста Трпоски**

**И С П Р А В К А**

Се врши исправка на Одлуката за утврдување Нацрт детален урбанистички план за Урбана заедница 5 Урбан блок 5.1, опфат 1 општина Охрид ( зона запад) бр. 07-999/28 од 29.04.2010 година.

Во член 3 став 1 по зборот „за“ зборовите „урбана заедница 2 Урбан блок 2.1, опфат 2, општина Охрид 2009-1014, со тех. Бр. 48/09“ се заменуваат со зборовите „Урбана заедница 5 Урбан блок 5.1, опфат 1 општина Охрид ( зона запад), со тех.бр. 50/09“.

**Број 0710-571/2**
**28.02.2011 година**
**О х р и д**

**СТАТУТАРНО-ПРАВНА КОМИСИЈА**
**Зам. претседател,**
**Ахмет Пател, с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А


| Реден број | Име на одлука | страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за измени на одлуката за извршување на Буџетот на општина Охрид за 2011 година | 2 |
| 2. | Одлука за усвојување на Извештајот за работа на Советот на општина Охрид за 2010 година | 3 |
| 3. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување за градежно земјиште за периодот од 01.01. до 31.12.2010 година | 4 |
| 4. | Одлука за узвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изведба и реконструкција на локални патишта и улици за периодот од 01.01 до 31.12.2010 година. | 5 |
| 5. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одржување и заштита на локални патишта улици и релулирање на режим на сообраќај за периодот од 01.01. до 31.12.2010 година | 6 |
| 6. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води за периодот од 01.01. до 31.12.2010 година | 7 |
| 7. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води за периодот од 01.01. до 31.12.2010 година | 8 |
| 8. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за други комунални услуги за периодот од 01.01. до 31.12.2010 година. | 9 |
| 9. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за периодот од 01.01. до 31.12.2010 година | 10 |
| 10. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување за периодот од 01.01. до 31.12.2010 година | 11 |
| 11. | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за даноци и комунални такси за периодот од 01.01. до 31.12.2010 година | 12 |

| | | |
|---|---|---|
| **12.** | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Секторот за јавни дејности за периодот од 01.01. до 31.12.2010 година | **13** |
| **13.** | Одлука за усвојување на Годишниот извештај за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2010 година | **14** |
| **14.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за периодот од 01.01. до 31.12.2010 година. | **15** |
| **15.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на Општина Охрид за периодот од 01.01. до 31.12.2010 година | **16** |
| **16.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на Општина Охрид за периодот од 01.01. до 31.12.2010 година | **17** |
| **17.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид за периодот од 01.01. до 31.12.2010 година | **18** |
| **18.** | Одлука за усвојување на Извештајот за работа на Територијалната противпожарна едница Охрид за периодот од 01.01. до 31.12.2010 година | **19** |
| **19.** | Одлука за усвојување на Извештајот за состојбата во областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата за периодот од 01.07. до 20.12.2010 година | **20** |
| **20.** | Одлука за давање согласност на одлуката за задолжување на ЈП „Охридски Комуналец “ Охрид со долгорочен кредит во Охридска банка АД Охрид | **21** |
| **21.** | одлука за измени и дополнување на одлуката за утврдување Нацрт урбанистички план вон населено место во Урбан блок 4.3 дел од туристички коплекс Свети Стефан Општина Охрид | **23** |
| **22.** | Одлука за усвојување на Годишна програма за поставување на урбана опрема во општина Охрид-2011 година | **24** |
| **23.** | Одлука за усвојување Акционен план и Програма за управување со бучавата во општина Охрид | **32** |
| **24.** | Одлука за пренесување правото на користење врз движна ствар од општина Охрид на ЈП „Нискоградба Охрид“- Охрид | **33** |
| **25.** | Одлука за пренесување правото на сопственост врз движни ствари | **34** |
| **26.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на | |

процентот на учеството на ЈП „ Нискоградба Охрид“ Охрид во средства за изградба на канализациони системи за одведување на урбани и отпадни води **35**

**27.** Исправка **37**